Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 1

10.01.2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**_ЗАКЛУЧОК_**
**за објавување на Договор за меѓуопштинска соработка**

1.Го објавувам Договор за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар со архивски број 03-27/1 од 09.01.2024 година и општина Ресен со архивски број 76/1 од 09.01.2024 година .

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 36/1** — **Општина Демир Хисар**
**10.01.2024 година** — **Градоначалник**
**Демир Хисар** — **Никола Најдовски с.р.**

**Д О Г О В О Р**
**ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

Склучен помеѓу:
1.Општина Демир Хисар, со седиште на ул. „Битолска“ бр.8 Демир Хисар, застапувана од Градоначалникот на Општина Демир Хисар м-р Никола Најдовски, од една страна и

2.Општина Ресен, со седиште на ул. ,,Плоштад Цар Самоил’’ бр.20 Ресен, застапувана од Градоначалникот на Општина Ресен Јован Тозиевски, од друга страна.

Член 1

Предмет на овој Договор е воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу двете договорни општини, согласно член 14 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002), и член 9 став 2 алинеја 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на Р.М.“ бр.79/2009), за успешно извршување на работите и работните задачи што се во надлежност на општините, од областа на

управување и располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, од страна на Општина Ресен во име и за сметка на Општина Демир Хисар.

Член 2

Двете договорни страни се договорија работите и работните задачи што ги извршува дипломираниот архитект, вработен во општинската администрација во Општина Ресен, во Секторот за Урбанизам, комунални работи, локален економски развој и прекугранична соработка, во одделението за урбанизам и комунални работи, на работно место спроведување на урбанистички планови, кои се предмет на овој Договор, да ги извршува во име и за сметка на Општина Демир Хисар.

Член 3

Дипломираниот архитект вработен во општинската администрација во Општина Ресен, за извршување на работите и работните задачи за Општина Демир Хисар што се предмет на овој Договор, ќе ги користи објектите и опремата на двете договорни општини.

Член 4

За работното ангажирање на вработеното лице од Општина Ресен, Општина Демир Хисар се обврзува да исплаќа финансиски средства за патни трошоци или да обезбеди превоз, согласно законските прописи.

Член 5

Дипломираниот архитект вработен во Општина Ресен, својата работа во Општина Демир Хисар ќе ја извршува по повик од Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

Член 6

Измени и дополнувања на одредбите од овој Договор ќе се вршат со Анекс кон овој Договор.

Член 7

Овој Договор влегува во сила со денот на потпишување од страна на двете договорни страни, а се склучува за времетраење најдоцна до 31.12.2024 година.

Член 8

Овој Договор може да се раскине заради непочитување на одредбите од страна на двете договорни страни.

Овој Договор може да се раскине и по барање на една од договорните страни, но по претходно известување на договорната страна која тоа го бара и тоа најмалку во рок од 30 дена пред раскинувањето на договорот.

Член 9

Во случај на спор двете договорни страни спогодбено ќе го решаваат, во спротивно надлежен е Основниот суд во Битола.

Член 10

Овој Договор е составен од 4 (четири) еднобразни примероци, по два за секоја од договорните страни.

Број 03-27/1
Датум: 09.01.2024 година

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Никола Најдовски с.р.

Број 09-76/1
Датум: 09.01.2024 година

Општина Ресен
Градоначалник
Јован Тозиевски с.р.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.Договор за меѓуопштинска соработка -------------------------------------------------------1-3

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**